**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-220/8**

**Скопје, 22.09.2008 година**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2007 година, кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи на Министерството за образование и наука - Сметка за Сметка за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот за 2005 година. За годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Сулејман Рушити Министер од 01.09.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 03.03 до 30.05.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 15.07.2008 година под архивски број 1104-220/4 примени се забелешки по точките 10.1.1, 10.1.2 и 10.2.1 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено да не се прифатат бидејќи не се доставени докази ниту изнесени аргументи кои ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### 11.1. Неправилности во искажување на приходите/расходите

11.1.1. Спротивно на Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, Комисијата за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот нема извршено попис на материјалите-пробни тестови и тестови за полагање на возачки испит со состојба 31.12.2007 година, што Министерството ги предава во Советот за безбедност од каде што авто школите ги набавуваат за свои потреби. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на остварените приходи во износ од 8.851 илјада денари, поради неизвршениот попис што го оневозможи утврдувањето на вкупниот број на продадени тестови во 2007 година и поради тоа што не ни беше презентиран акт за утврдување на висината на цената на чинење на тестот за полагање на возачки испит.

11.1.2. Ревизијата не е убедена во реалноста на направените расходи за надомест на лицата за административно технички и сметководствени работи во вкупен износ од 141 илјада денари бидејки за обем на работа што се состои од пополнување на 20 налози за исплата е нерационално да се ангажираат четири лица за вршење на сметководствени работи, за што им се исплатуваат надомести Со ваквиот начин на работење нереално се преценува трудот на поединци и се овозможува стекнување на лична имотна корист на сметка на буџетот на Република Македонија. Според анализите на ревизијата се констатира дека трудот на поедини вработени од Министерството за образование вреди 7.050 денари за еден пополнет налог за плаќање.

**Препораки**

1. Комисијата за едукација, превенција и безбедноста во сообраќајот согласно Законот и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници на крајот на пресметковен период да изврши попис на пробните тестови за полагање на возачки испит, а сметководството да изврши материјално евидентирање на истите со цел следење на состојбата во текот на годината и утврдување на залихата на крајот на годината.

2. Министерството да донесе интерен акт за висината на цената на пробните тестови кој ќе биде усогласен со законските прописи со кои се регулира остварување на приходите по основ на продажба на обрасците за полагање на возачки испит.
3. Министерот за образование и наука да ги рационализира вработените за вршење на административно технички и сметководствени работи и да ги сведе на оптимално ниво според обемот на работите.

11.2. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.2.1. Спротивно на Законот за јавни набавки спроведени се постапки за набавка од мала вредност за ист вид набавка - печатење на тестови за полагање на возачки испит со што е избегнато спроведување на постапка со отворен повик за што се исплатени вкупно 476 илјади денари. Ваквото работење не обезбедува транспарентност, јавност и фер конкуренција меѓу добавувачите.

**Препорака**

1. Комисија за едукација, превенција и безбедноста во патниот сообраќај набавките на тестови за полагање на возачки испит да ги реализира преку Комисијата за јавни набавки на Министерството за образование и наука преку спроведување на соодветна постапка.

12. Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 11.1.1. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи Министерството за образование и наука - Сметка за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот на ден 31 Декември 2007 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањето изнесено во точката 11.2.1. кај Министерството за образование и наука - Сметка за едукација, превенција и безбедност во сообраќајот, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**14. <u>Превземени/непревземени мерки од страна на субјектот по основ на препораките дадени во ревизорскиот извештај за 2006 година</u>**

Наодите наведени во точките 11.1.1. и 11.2.1. од овој извештај се констатирани и во Конечниот извештај за 2005 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 8.851 | 1.383 |
| **Вкупно приходи** | **8.851** | **1.383** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 2.115 | 980 |
| **Вкупно тековни расходи** | **2.115** | **980** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 0 | 62 |
| **Вкупно капитални расходи** | **0** | **62** |
| **Вкупно расходи** | **2.115** | **1.042** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **6.736** | **341** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6.736 | 341 |
| **Вкупно тековни средства** | **6.736** | **341** |
| **Вкупна актива** | **6.736** | **341** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 6.736 | 341 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6.736** | **341** |
| **Вкупна пасива** | **6.736** | **341** |